Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 04-204/2
15.02 2014 год.
Скопје

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК (ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА) ЗА НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ): НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА НА XVI-XVIII ВЕК, НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА НА XIX ВЕК ДО 1918 ГОДИНА, БАЛКАНОТ ВО НОВИОТ ВЕК 1, БАЛКАНОТ ВО НОВИОТ ВЕК 2 И ЗАПАДНИ ПОГЛЕДИ ЗА БАЛКАНОТ ВО 18 И 19 ВЕК

Во врска со распишаниот конкурс, објавен во Дневник на 13 декември 2013 година, за избор на наставник (во сите наставно-научни звања) за научните области (дисциплини): Национална историја, 16 до 18 век, Национална историја до 1918 год., Балканот во нивиот век 1, Балканот во новиот век 2, Балканот меѓу Истокот и западот, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата 3-та редовна седница, одржана на 22 јануари 2014 година, врз основа на член 63 и 132 став 2 од Законот за високото образование (Сл. Весник на РМ бр. 35/2008, 103/2008, 162/2008, 26/2008, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/ 2013, 24/2013, 57/2013), член 183 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, член 46 став 1 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно - научни, научни, научно - стручни и соработнички знања, донесе одлука за формирање на Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев, проф. д-р Михајло Миноски и проф. д-р Катерина Тодороска.

Рецензентската комисија со искрена почит кон укажаната доверба, по извршениот увид на доставените материјали на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје има особена чест да му го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен во Дневник на 13 декември 2013 година, за избор на наставник (во сите наставно-научни звања) за научните области (дисциплини): Национална историја, 16 до 18 век, Национална историја до 1918 год., Балканот во нивиот век 1, Балканот во новиот век 2, Балканот меѓу Истокот и западот, се пријаво кандидатот проф. д-р Далибор Јовановски, вонреден професор на Институтот за историја при Филозофскиот факултет во Скопје.

### Кратка биографија

Далибор Јовановски е роден на 12.06.1970 во Скопје. Основното и средното образование го завршил во родниот град. Во февруари 1996 година дипломирал на Институтот за историја при Филозофскиот факултет на УКИМ – Скопје, со просечна цена 9,4. На 3 септември 1997 година се вработил на Институтот за историја при Филозофскиот факултет како помлад асистент на предметот Историја на Балканските народи – нов век. Во 2000 година магистрирал на тема Грчката балканска политика и Македонија 1830 – 1881 година. Следната 2001 година бил избран за асистент. На 27 октомври 2003 година докторирал на тема Ставот на Грција кон Македонија 18812 – 1903 година. Во јуни 2004 година бил избран за доцент на Институтот за историја при Филозофскиот факултет на предметите поврзани со Историјата на Балканот во новиот век на насоките историја и историја со архивистика, а пет години подоцна и за вонреден професор.

Неговиот научен интерес претежно е насочен кон историјата на Македонија и на Балканот, особено на позицијата и односот на Грција кон османлиска Македонија. Тој е автор на повеќе научни трудови – монографии (самостојно и во коавторство) и статии, како и одредници во Македонската енциклопедија. Тој е автор на универзитетски учебник. Јовановски, кога е во прашање наставата во основното и средното образование, е коавтор на еден учебник за основно, еден учебник за средно образование, работни листови за историја за седмо одделение и историски атлас.

Во текот на својот професионален ангажман, тој бил секретар на редакцијата на списанието Историја, а бил и член на редакцијата на истоименото списание. Исто така тој е член на редакцијата на списанието Macedonian Historical Review, каде бил и уредник на еден број. Освен изведувањето на наставата и вежбите по предметите поврзани со Историјата на Балканот во првиот и вториот циклус, Јовановски бил ментор на дипломски и магистерски работи, како и на докторска теза. Тој, исто така, бил ангажиран во организирањето на повеќе домашни и меѓународни конференции на Филозофскиот факултет и во МАНУ. Јовановски учествувал на повеќе научни собири и конференции како во Р. Македонија, така и во странство ( Унгарија, Грција, Бугарија, Албанија, Хрватска, Косово и Црна Гора). Јовановски е автор и на повеќе текстови за телевизиски емисии поврзани со македонската историја.

Пред изборот за вонреден професор во јуни 2009 година, кандидатот објавил книга за Грчката балканска политика и Македонија во периодот од 1830 година до завршувањето на Големата источна криза во 1881 година. Исто така бил и коавтор на еден учебник за основно образование ( за седмо одделение), како и на еден учебник за средно образование (за прва година). Тој бил и автор на дваесетина статии поврзани со македонската историја. Учествувал и на поголем број научни конференции во Македонија и во странство.

## 1. Наставно -образовна дејност:

Проф. д-р Далибор Јовановски во наставно – образовната дејност на Филозофскиот факултет при УКИМ е вклучен од вработувањето во 1997 година. Во периодот по изборот за вонреден професор во јуни 2009 година, тој изведувал настава по предметите поврзани со историјата на Балканот. Овие предмети се поврзани и со националната историја, бидејќи се до заминувањето на Османлиите од поголемиот дел од териториите на југоисточна Европа, македонската национална историја е поврзана со историјата на соседните народи, подоцна и држави. Според постојните наставни програми на Филозофскиот факултет, проф. Јовановски изведува настава по предметите: Балканот меѓу Истокот и Западот, Западни погледи за Балканот во 18 и 19 век, Балканските држави 1830-1814 г, Историја на балканската дипломатија 1830-1914 г. Тој е автор и на еден рецензиран универзитетски учебник Балканот 1826-1913 година, Скопје, 2011. Во него авторот дава еден преглед проследен со анализа на главните случувања во регионот во наведениот временски период. Тој бил и рецензент на два универзитетски учебници. Исто така проф. Јовановски бил ментор на повеќе дипломски работи, како и член на комисии за одбрана на дипломските работи.

Од 2004 година, проф. Јовановски е вклучен и во наставата на постдипломските студии на Институтот за Историја на Филозофскиот факултет - УКИМ. Според постојните програми за постдипломски студии тој изведува настава по предметите Методологија (за историјата на новиот век), Балканот 1800-1914, Европските сили и Балканот 1804-1913, политика, економија, култура; Грчката надворешна политика 1830-1914. Тој бил член на три комисии за одбрана на

магистерски работи. Јовановски исто така е ангажиран во наставата на постдипломските студии на Институтот за историја на уметност со археологија.

Врз основа на сите негови активности во наставно – образовниот процес, проф. Јовановски, во периодот од изборот за вонреден професор во јуни 2009 година до почетокот на зимскиот семестар во септември 2013 година, остварил 73, 14 бодови.

2. **Научно истражувачка дејност**

Врз база на приложениот Анекс 2 се забележува дека проф. Јовановски е коавтор на две монографии, како и на 16 научни трудови. Исто така тој бил и ментор на една одбранета докторска дисертација, како и ментор на 4 одбранети магистерски работи.

Двете книги во кои Јовановски е коавтор обработуваат теми кои се од интерес на македонската историја. Во книгата Yugoslav – Greek relations through documents, 1951 – 1964, објавена во 2013 година преку документи се анализираат односите помеѓу Федеративна Народна Република Југославија и Кралството Грција. Треба да се забележи анализата која се однесува на позицијата на НР Македонија во рамките на југословенско - грчките односи во наведениот период. Особено е интересен начинот на кој е прикажана улогата на југословенската федерална влада во смирувањето на активностите на властите во Скопје, кои биле во спротивност на Белград. Втората книга Македонија помеѓу Атина и Белград 1892 – 1899 година, ги обработува грчко – српските преговори за поделба на интересни сфери на османлиска Македонија. Во книгата врз база на расположливиот материјал детално се опишани и анализирани преговорите помеѓу владите во Атина и Белград околу можноста за поделба на Македонија на интересни сфери. Исто така, треба да се забележи дека книгата не е гола фактографија, туку истата претставува една аналитичка студија, која е поткрепена со голем број на документи.

Јовановски е автор на поголем број на статии во кои се обработуваат теми од македонската и балканската историја. Во една од овие статии - Science and Politics— The Creation and Promotion of the Northern Line of the Greek Aspirations in Ottoman Macedonia, авторот ја објаснува генезата на настанокот на т.н. граница на „историска“ Македонија како дел од потребите на грчката држава во последните две децении на 19 век да ги оправда своите територијални аспирации кон Османлиската држава. Последиците од создавањето на таа линија ги чувствуваме и денес. Оваа статија, всушност е дел од една нова публикација која се однесува македонско ц-грчкиот спор околу името на нашата држава. Во македонското историско списание Macedonian Historical Review, Јовановски објавил две статии кои се однесуваат на грчките позиции кон османлиска Македонија во текот и кон крајот на 19 век. Статиите се објавени на германски и на англиски јазик, со цел да бидат достапни на научниците кои се занимават со македонската и регионалната историја, а не го користат македонскиот јазик. Една од темите кои се од интерес на Јовановски претставуваат западните погледи на Балканот, а со тоа и кон Македонија. Така, во еден научен труд, тој критички се осврнал и на тоа како современите историчари од САД, Велика Британија, Германија и Франција гледаат на некои настани во османлиска Македонија. Најголемиот дел од останатите статии на проф. Јовановски се поврзани со политиката на грчката држава кон Македонија.

Проф. Јовановски во текот на последните пет години учествувал на 17 конференции во Република Македонија и во странство. Тука ќе наведеме само извесен број од нив. Порече низ историјата, Самоков, 5-6 септември 2009; 75$^{th}$ Rose-Roth seminar “South Eastern Europe: Creating New momentum”, 19-21 october 2010, Skopje; International Conference:”Legal and Historical determinants of borders in Central

and Southeast Europe", 22 october 2010, Osijek, Croatia; International Balkan Annual Conference, *9-13 may 2011, Skopje (organized by University of Istanbul, Turkey: Rutgers Univerity, USA; University "Ss. Cyril and Methodius"; University in Bitola; State University in Tetovo);* Меѓународна научна конференција „Македонија низ вековите", Скопје, 11-12 ноември 2011; Međunarodni naučni skup, *100 godina od odlaska Osmanlija s Balkana,* Podgorica, Crna Gora, 12-15 oktobar 2012; International Conference, Lef Nosi Central figure of the Albanian history and culture, Elbasan, Albania, 24 th November 2012; International conference, 100 year Albanian independence, Tirana, Albania, November, 26th-27th, 2012; Сто години од Балканските војни, Скопје, 3-4 декември, 2012

Врз база на изнесеново може да се забележи дека проф. Јовановски во научно – истражувачката дејност остварил 101 бод со своите активности.

3. **Стручно – апликативна дејност**

Како дел од своите активности проф. Јовановски покажал резултати и на делот на стручно – апликативното поле. Тој учествувал во проектот за изработка на Историски атлас, кој е наменет за учениците во основните и средните училишта, како и за студентите. Јовановски е автор и на одреден број на одредници во Македонската енциклопедија која беше издадена од страна на МАНУ. Јовановски е и стручен консултант при изработката на три историски карти кои беа отпечатени од картографската куќа Тримакс од Скопје - Балканот 1830-1914; Карпошево востание и Македонија во втората Балканска војна.

Како дел од своите активности тој е рецензент на четири монографии кои се однесуваат на македонската историја и на политиката на соседните држави кон нашата земја. Тој е и стручен редактор на книгата на Ричард Ј. Еванс, Во одбрана на историјата. Проф. Јовановски одржал и неколку предавања од јавен интерес. Македонија во односите помеѓу балканските земји на почетокот на 20 век, Горњи Милановац, Србија, 16 април, 2011 и Грчката надворешна политика и македонското име: споредби од минатото и сегашноста, Центар за научни истражувања и промоција на културата „Хаемус" Скопје, 23 мај 2013. На покана на Меѓународниот семинар за македонски јазик и култура во јули 2010 година тој одржал едно предавање пред посетителите на семинарот.

Како дел од своите активности, проф. Јовановски напиша и беше коавтор и сценарија за пет телевизиски емисии посветени на македонската историја - Македонското будење, Македонија и балканските држави, Даме Груев, Петар Поп Арсов и Тројцата од МРО – Иван Хаџиниколов, Андон Димитров и Христо Батанџиев.

Проф. Јовановски бил член и уредник на број во првото македонско историско списание, во кое се објавуваат текстови на странски јазик – Macedonian Historical Review. Тој учествувал и во организирање на неколку домашни и меѓународни конференции. Исто така бил и член на Комисија за доделување на државната награда 11 октомври.

На крајот треба да забележиме дека проф. Јовановски со своите активности на стручно – апликативно поле остварил 25, 15 бодови.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ:**

Рецензентската комисија, врз основа на добиените материјали, констатира дека проф. д-р Далибор Јовановски, вонреден професор ма Институтот за историја при Филозофскиот факултет – УКИМ во Скопје, од последниот избор во 2009 година

до објавувањето на конкурсот (13 декември 2013 година) ги исполнил условите пропишани со Правилникот за критериуми и постапка за избор во наставно - научни,, научни, наставно – стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Врз основа на добиените материјали, Комисијата заклучи дека проф. Јовановски остварил вкупно 199,29 бодови.

Рецензентската комисија, имајќи предвид дека се исполнети сите критериуми, има чест на Наставно – научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје му предлага да го избере проф. д-р Далибор Јовановски во звањето редовен професор за научните области (дисциплини): Национална историја, 16 до 18 век, Национална историја до 1918 год., Балканот во нивиот век 1, Балканот во новиот век 2, Балканот меѓу Истокот и западот.

Скопје, 17 февруари 2014 година

Рецензентска комисија:

1. проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев, с.р.
2. проф. д-р Михајло Миноски, с.р.
3. проф. д-р Катерина Тодороска, с.р.

АНЕКС 2

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: д-р Далибор Јовановски
Институција: Филозофски факултет

Научни области: Национална историја, 16 до 18 век, Национална историја до 1918 год., Балканот во нивиот век 1, Балканот во новиот век 2, Балканот меѓу Истокот и западот

## 1. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Р. бр. | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одржување настава на прв циклус студии: (2009-2013) (на насоките историја и историја со архивистика) 53x15x0.04 | 31.8 |
| 2. | Одржување вежби: 26x15x0.03 | 11,7 |
| 3. | Консултации со студенти: 40x8x0,002 | 0,64 |
| 4. | Ментор на дипломска работа: 28x0,2 | 5,6 |
| 5. | Подготовка на нов предмет (прв циклус, предавања): Балканот во новиот век 1, Балканот во новиот век 2, Балканот помеѓу соработка и недоразбирање (1804-1914 година), Западните погледи за Балканот во XVIII и XIX век, Балканот од XVI до XVIII век (за наставната програма која почна од 15 09 2013) | 5 |
| 6. | Подготовка на нов предмет (прв циклус, вежби) Балканот во новиот век 1, Балканот во новиот век 2, Балканот помеѓу соработка и недоразбирање (1804-1914 година), Западните погледи за Балканот во XVIII и XIX век, Балканот од XVI до XVIII век (за наставната програма која почна од 15 09 2013) | 2,5 |
| 7. | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат (3x0,5) | 1,5 |
| 8. | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура (3x0,3) | 0,9 |
| 9. | Позитивно рецензиран универзитетски учебник Балканот 1826-1913, Филозофски факултет, Скопје, 2011 | 8 |
| 10. | Рецензент на универзитетски учебник на Бобан Петровски, Историја на балканските земји в XIV – XV век, Филозофски факултет, Скопје, 2010 и Бобан Петровски, Помошни историски науки, Филозофски факултет, Скопје, 2010 | 2 |
| 11. | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа 35x0,1 | 3,5 |

ВКУПНО 73.14

## 2. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Р. бр. | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Ментор на докторска дисертација (на Мемли Красниќи, ноември 2012) | 3 |
| 2. | Македонија меѓу Белград и Атина 1892-1899, Менора, Скопје, 2013, (коавтор) | 7 |
| 3. | Yugoslav – Greek relations through documents, 1951 – 1964, Menora, Skopje 2013 (коавтор) | 7 |
| 4. | Дел од монографија: Science and Politics–The Creation and Promotion of the Northern Line of the Greek Aspirations in Ottoman Macedonia, The Name Issue, MIC, Skopje, 2013 | 4 |
| 5. | Труд со оригинални научни резултати објавен во научно/стручно списание: Грчко - бугарските односи и прашањето на Мкедонија во осумдесеттите години на 19 век; Историја, год. XLIV, бр. 1-2, Скопје, 2008, с. 113-125 (излезе во 2009 по изборот) | 4 |
| 6. | Труд со оригинални научни резултати објавен во научно/стручно списание: Der Besuch von Charilaos Trikoupis der Balkan Rezidenzstädte im Jahre 1891, *Macedonian Historical Review*, Skopje, 2010, p. 145-157 | 4 |
| 7. | Труд со оригинални научни резултати објавен во научно/стручно списание: The number and the policy: Greek statistics on Ottoman Macedonia in the 19th century, *Macedonian Historical Review*, v. 2, Skopje, 2011, p. 141-154 | 4 |
| 8. | Труд со оригинални научни/стручни резултати објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: Свртување кон античкото минато заради идентитетот -случајот на Грција; Антиката и европската наука и култура, Филозофски факултет -Институт за класични студии, Скопје, 2009, с. 171-178 | 2 |
| 9. | Труд со оригинални научни/стручни резултати објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: Харилаос Трикупис и Македонија, "Македонија и соседите", Филозофски Факултет Скопје, 2010, стр. 208-214. | 2 |
| 10. | Труд со оригинални научни/стручни резултати објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: Грчките контроверни погледи за Македонија во: *Македонскиот идентитет низ историјата*, ИНИ, Скопје, 2010, с. 111-118 | 2 |
| 11. | Труд со оригинални научни/стручни резултати објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: Грчките интелектуалци за османлиска Македонија во 19 век, Ismail Mangaltepe et al. (ed.), Balkan Studies, II, History and literature, Skopje, 2011, p. 144 - 157 | 2 |
| 12. | Труд со оригинални научни/стручни резултати објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: Today's Macedonian–Greek border and so-called Historical Macedonia in: *Pravne i Povijesne odrednice granice Srednje i jugoistočne Europe*, Osijek. 2011, p. 275-280 | 2 |
| 13. | Труд со оригинални научни/стручни резултати објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: Битола-камен на сопнување во српско-грчките преговори 1892-1899 во: *Зборник на трудови од Меѓународниот научен собир „ Битола тема за културно и уметничко творештво на автори од Република Македонија и Република Србија"*, Битола, 2012, с. 59-73 , (коавтор) | 1,8 |
| 14. | Труд со оригинални научни/стручни резултати објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: Цел и успех – Венизелос и Македонија во Балканските војни, 100-години од Балканските војни, МАНУ, Скопје, 2013, с. 295 - 310 | 2 |
| 15. | Труд со оригинални научни резултати објавен во научно/стручно списание: Македонија е наша, но..., ГЗФзФ 62, Скопје, 2009, стр. 265-273 | 4 |
| 16. | Труд со оригинални научни резултати објавен во научно/стручно списание: Ревизија на грчките територијални аспирации во османлиска Македо*нија*, ГЗФЗФ, 63, Скопје, 2010, с.319-337 | 4 |
| 17. | Труд со оригинални научни резултати објавен во научно/стручно списание: Османлиска Македонија во 19 век во западните историски книги, ГЗФЗФ, кн. 64, Скопје, 2011, с. 193-206 | 4 |
| 18. | Труд со оригинални научни резултати објавен во научно/стручно списание: Грчки реакции за Илинденското востание, ГЗФЗФ, кн. 65, Скопје, 2012, с. 69-83 | 4 |
| 19. | Труд објавен во зборник на трудови на в.о. институција: Погледи на грчките | 2 |

интелектуалци за Македонија во XIX и почетокот на XX век во: Предавања на XLIII Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Скопје, 2011, с. 153-161

| | | |
|---|---|---|
| 20. | Учество на научен/стручен собир со реферат: Грчките интелектуалци и границите На Грција - Византиското културно -историско наследство и Македонија, Скопје, 11-12 мај 2009 | 1 |
| 21. | Учество на научен/стручен собир со реферат: Како и зошто се ширела српската пропаганда во Поречието, на: Порече низ историјата, Самоков, 5-6 септември 2009 | 1 |
| 22. | Учество на научен/стручен собир со реферат: Историјата на Балканот во наставата на Филозофскиот факултет, на: Современа настава по историја, 12 декември 2009, Скопје | 1 |
| 23. | Учество на научен/стручен собир со реферат: Создавањето и развојот на Атинскиот универзитет, на: Филозофски факултет-90 години високо образование: традиција - нова мисија -нова визија, Скопје, 15 декември 2010 | 1 |
| 24. | Учество на научен/стручен собир со реферат: Грчките аспирации кон Струмица, на: Струмица и Струмичко во времето на Балканските војни и Букурешкиот мировен договор, 25-27 октомври 2012 | 1 |
| 25. | Учество на научен/стручен собир со реферат: Историја, образование, карти, статистика, дипломатија, пропаганда – Грција и османлиска Македонија, на: Македонија во балканските војни, Букурешкиот договор - 100 години потоа, Скопје, 26 јуни 2013 | 1 |
| 26. | Пленарно предавање на научен/стручен собир: Битола како камен на сопнување во односите меѓу Србија и Грција, на Битола тема за културно и уметничко творештво на автори од Република Македонија и Република Србија, Битола, 21-22 октомври, 2011 (коавтор) | 1,8 |
| 27. | Пленарно предавање на научен/стручен собир: Венизелос и Македонија во Балканските војни, на: Сто години од Балканските војни, Скопје, 3-4 декември, 2012 | 2 |
| 28. | Пленарно предавање на научен/стручен собир: Придонесот на Андрија Лаиновиќ за балканските историографии, на: Животот и делото на Андрија Лаиновиќ, Скопје 17 мај, 2013 | 2 |
| 29. | Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество: Republic of Macedonia and its neighbors ,на: 75th Rose-Roth seminar "South Eastern Europe: Creating New momentum", 19-21 october 2010, Skopje | 3 |
| 30. | Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество: Creating of the Macedonian – Greek border, International Conference:"Legal and Historical determinants of borders in Central and Southeast Europe", 22 october 2010, Osijek, Croatia | 3 |
| 31. | Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество: Lef Nosi and the Albanian independence, International Conference, Lef Nosi Central figure of the Albanian history and culture, Elbasan, Albania, 24th November 2012 (коавтор) | 2,7 |
| 32. | Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество: Macedonian reactions on Albanian independence, на: Java e Albanologjise, Prishtina, Kosovo, 23, October 2913 (коавтор) | 2,7 |
| 33. | Секциско предавање на научен собир со меѓународно учество: Грчките интелектуалци и османлиска Македонија во 19 век на: International Balkan Annual Conference, *9-13 may 2011, Skopje (organized by University of Istanbul, Turkey: Rutgers Univerity, USA; University "Ss. Cyril and Methodius"; University in Bitola; State University in Tetovo)* | 2 |
| 34. | Секциско предавање на научен собир со меѓународно учество: Современата грчка историографија за османлиска Македонија. Некои размислувања по 1995 година, на: Меѓународна научна конференција, „Македонија низ вековите", Скопје, 11-12 ноември 2011 | 2 |
| 35. | Секциско предавање на научен собир со меѓународно учество: Grčki pogledi na Osmansku imperiju u 19 vijeku, на: Međunarodni naučni skup, *100 godina od odlaska Osmanlija s Balkana*, Podgorica, Crna Gora, 12-15 oktobar 2012 | 2 |
| 36. | Секциско предавање на научен собир со меѓународно учество: Greek reactions on the creation of the Albanian state. The case of the newspaper Scrip. International conference, 100 year Albanian independence, Tirana, Albania, November, 26th-27th, 2012 | 2 |
| 37. | Ментор на магистерска работа (Бесник Емини, јуни 2009, Васко Дукмеџиев, септември 2009, Магдалена Илиоска, јуни 2012, Љупка Тодоровска-Бежовска, октомври 2012) | 4 |
| | Одржано предавање по покана на Универзитет: одржано предавање пред студентите | 1 |

38. на токискиот универзитет Хосеи на тема: Historical roots of the Macedonian – Greek dispute на 24 август 2011 година

ВКУПНО 101.00

## 3. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Р. бр. | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Соработка на проект: Историски атлас, Тримакс, 2009, (делот – Историја на новиот век коавтор) | 2 |
| 2. | Експертски активности: рецензии на 4 книги- Ванчо Ѓорѓиев, Подземната република, Тримакс, 2010, Исмет Кочан, Битката за Македонија. Турската историографија за Балканските војни 1912 -1913, со посебен осврт за Македонија, Бата Пресс, 2010, Димитар Мирчев, „Балканскиот мегаетникум. Националните доктрини на македонските соседи", Зеница, 2013 ; Ванчо Ѓорѓиев, ВМРО 1893 – 1903. Документи, Матица Македонска, 2013 | 4 |
| 3. | Експертски активности: Изработка на 5 стручни подлоги за сценарија за снимање на документарни филмови од сериите посветени на македонската историја (Македонското будење, Македонија и балканските држави, Даме Груев, Петар По Арсов и Тројцата од МРО – Иван Хаџиниколов, Андон Димитров и Христо Батанџиев )(2x1 и 3x0,9) | 4,7 |
| 4. | Експертски активности: стручен консултант за изработка на три историски карти: Балканот 1830-1914, Тримакс картографија, 2009; Карпошево востание, Тримакс картографија, 2009 и Македонија во Втората балканска војна, Тримакс картографија, 2009 (коавтор) 3x0,9 | 2,7 |
| 5. | Експертски активности: стручна редакција на книга од проектот на владата на РМ за превод на 1000 книги – за книгата на Ричард Ј. Еванс, Во одбрана на историјата, Арс Ламина, Скопје, 2013 | 1 |
| 6. | Предавање на институции од јавен интерес, културно -информативни центри: Македонија во односите помеѓу балканските земји на почетокот на 20 век, Горњи Милановац, Србија, 16 април, 2011 | 0,5 |
| 7. | Предавање на институции од јавен интерес, културно -информативни центри: Грчката надворешна политика и македонското име: споредби од минатото и сегашноста, Центар за научни истражувања и промоција на културата „Хаемус" Скопје, 23 мај 2013 | 0,5 |

## ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

| Р. бр. | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание: Член на уредувачкиот одбор на научното списание *Macedonian Historical Review (2010-2013)* | 0.75 |
| 2. | Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир: Член на организациониот одбор за конференцијата „Сто години од Балканските војни", МАНУ, Скопје, 3-4 декември, 2012 | 0.5 |
| 3. | Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир: Член на организациониот одбор за конференцијата „ Македонија во балканските војни, Букурешкиот договор - 100 години потоа", Скопје, 26 јуни 2013 | 0,5 |
| 4. | Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир: Член на организациониот одбор за меѓународната конференција „Македонија низ вековите", Филозофски факултет, УКИМ, Скопје, 11-12 ноември | 1 |

2011

5. Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир: Член на организациониот одбор за меѓународната конференција „Балканот на Евлија Челебија“, 16 – 20 април 2012, МАНУ, Скопје 1
6. Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир: Член на организациониот одбор за меѓународната конференција "Jews across the Balkans: History, Society and Culture", MANU, Skopje, 29. 9. – 2. 10. 2013 1
7. Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир: Член на организациониот одбор за меѓународната конференција „Букурешкиот мировен договор, Македонија и Балканот“, МАНУ, 31.10-1.11, 2013 1
8. Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект: учесник во изготвувањето на заеднички македонско-словенечки проект за историја, пријавен во МОН, 2009 1
9. Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект: учесник во изготвувањето на проектот на Cliohres Creating International Links and Innovative Overviews for a New Historical Culture for Citizens of a Growing Europe" 2012, пријавен во Европската комисија на 28 02 2012 1
10. Учество во комисии и тела на државни и други органи: член на Комисија за доделување на државната награда „11 октомври“ во областа на науката и образованието за 2010 1
11. Учество во комисии и тела на државни и други органи: член на Комисија за доделување на државната награда „11 октомври“ во областа на науката и образованието за 2013 1

**ВКУПНО 25,15**

**Професионални референци на кандидатот за избор во звањето доцент:**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ: 73,14

НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ: 101

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ: 25,15

**ВКУПНО: 199,29**

Скопје, 17 февруари 2014 година

Рецензентска комисија:

3. проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев, с.р.

4. проф. д-р Михајло Миноски, с.р.

3. проф. д-р Катерина Тодороска, с.р.

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

| Примено: 08-05-2014 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
| 04 | 204/7 | | |

Бр. 02-679/21
25.4.2014 год.
Скопје

Врз основа на член 52, став 1, алинеја 16 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013 и 41/2014), Универзитетскиот сенат, на 19. седница одржана на 25.4.2014 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за избор на редовен професор**

**Член 1**

**Д-р Далибор Јовановски,** вонреден професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Филозофски факултет - Скопје, се избира во звањето редовен професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - Филозофски факултет - Скопје, во научните области (дисциплини):

- *национална историја на XVI-XVIII век*
- *национална историја на XIX век до 1918*
- *Балканот во новиот век 1*
- *Балканот во новиот век 2*
- *западни погледи на Балканот во 18 и 19 век.*

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Универзитетскиот гласник.

**Ректор**

**Проф. д-р Велимир Стојковски**

ДН:

- Филозофски факултет - Скопје
- Проф. д-р Далибор Јовановски

Д. Јованевски

мм/ед